# ЗАКОН ЗА ШУМИТЕ

**Сл. Весник на Р.Македонија бр. 47/97 од 19.09.1997 година**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува одгледувањето, користењето и заштитата на шумите.

### Член 2

Шумите како природно богатство се добро од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита.

### Член 3

Шума, во смисла на овој закон, е земјиште обраснато со шумски видови дрвја и грмушки, како и шумски голини и ливади, шумски патишта, шумски расадници и другите површини кои се тесно поврзани со шумите.
Не се сметаат за шума, во смисла на овој закон, дрворедите, плантажите со брзорасни видови дрвја, парковите во населените места, заштитните појаси, заштитната вегетација во крајбрежните појаси на водотеците надвор од шумите, изолираните групи на шумски дрвја на површина до 2 (два) ари, како и меѓни стебла меѓу земјоделско земјиште.

### Член 4

Одгледување на шумите, во смисла на овој закон, е: одржување, нега, обнова, мелиорација и реконструкција на шуми и шикари, замена на видови дрвја, збогатување на шумите со повредни видови дрвја и пошумување на голини и ерозивни земјишта.
Користење на шумите, во смисла на овој закон, е: сечење на дрвја и производство на шумски сортименти, одгледување, собирање и производство на други шумски производи (шумски плодови, лековити растенија или нивни делови, печурки, лишаи, мов, семе, смола, камен и друго), ставање во промет на дрво и други шумски производи, како и користење на шумите за туризам, лов и рекреација.
Заштита на шумите, во смисла на овој закон, е заштита од: противправно присвојување и користење, бесправни сечи, пожари, растителни болести и штетници, напасување на добиток, желадење, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања.

### Член 5

Одгледувањето, користењето и заштитата на шумите (во натамошниот текст: стопанисување со шумите) е дејност од јавен интерес.

**Член 6**

Со шумите се стопанисува така што трајно да се сочува нивната површина и да се зголеми нивната вредност, да се обезбеди најголем прираст според природните услови и да се сочуваат и подобруваат нивните производни и општокорисни функции.

Производни функции, во смисла на овој закон, се производство на дрвна маса за сеча и други шумски производи.

Општокорисни функции, во смисла на овој закон, се влијанието на шумите врз заштитата на животната средина, а особено: заштита на земјиштето, населените места, сообраќајниците и други инфраструктурни објекти, коритата на водотеците од дејството на процеси на ерозија, подобрување на состојбата и режимот на водите и режимот на ерозивните наноси, климатскиот режим, плодноста на земјиштето, регулирање на режимот на воздухот, прочистување и подобрување на квалитетот на водите, создавање услови за лечење, закрепнување, одмор, спорт и рекреација, туризам, лов и друго.

**Член 7**

Шумите се во приватна и во државна сопственост.

**Член 8**

Државните шуми не се предмет на продажба.

Заради окрупнување на комплексите, државна шума може да се замени за приватна шума која се наоѓа како енклава или граничи со државната шума.

**Член 9**

Стопанисувањето со шумите за стопанска намена се врши според општ план и посебни планови за стопанисување со шуми.

Одгледувањето и заштитата на шумите за посебна намена се врши според општиот план од став 1 на овој член и посебни планови за одгледување и заштита на шуми.

**Член 10**

Заради стручно и планско остварување на општокорисните и производните функции на шумите, во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се основа Завод за шуми (во натамошниот текст: Завод).

**Член 11**

За проста и проширена репродукција на шуми, се обезбедуваат средства под услови, на начин и во висина утврдени со овој закон.

## II. СТОПАНИСУВАЊЕ СО ШУМИТЕ

### 1. Шуми за стопанска и за посебна намена

**Член 12**

Според намената шумите можат да бидат за стопанска и за посебна намена.

**Член 13**

Шуми за стопанска намена се шуми кои се користат првенствено за трајно производство на дрвни сортименти и за други шумски производи.

**Член 14**

Шуми за посебна намена се шуми кои претставуваат природна реткост и убавина и шуми кои првенствено служат за: заштита на земјиште, населени места, водни текови и акумулации, сообраќајници, стопански, инфраструктурни и други објекти, заштита и одгледување на ретки видови шумски дрвја и дивеч, како и за одмор, спорт и рекреација, одбележување на важни историски настани, научно - истражувачки, наставни, образовни, одбранбени и други цели.

**Член 15**

Шумите за посебна намена можат да бидат определени како: шуми во национални паркови, заштитни шуми, шумски и ловни резервати, парк шуми, спомен шуми, шуми за производство на шумско семе, излетишта и шуми за потребите на науката, наставата и одбраната.

Национални паркови се определуваат заради заштитата на природните реткости и убавини.

Заштитни шуми се определуваат заради заштита на земјиште, населени места, водни текови и акумулации, сообраќајници, стопански, инфраструктурни и други објекти.

Шумски и ловни резервати се определуваат заради заштита и одгледување на ретки видови шумски дрвја и дивеч.

Парк шуми и излетишта се определуваат за одмор, спорт и рекреација.

Спомен шуми се определуваат заради одбележување на важни историски настани.

Шуми за потребите на науката и наставата се определуваат заради едукација на стручни лица од областа на шумарството и за научно - истражувачки цели.

За потребите на одбраната се определуваат шуми кои се погодни за извршување на активности од областа на одбраната и имаат стратешко одбранбено значење.

**Член 16**

Шумите за посебна намена, ги определува Владата на Република Македонија, освен националните паркови кои се определуваат со закон.

Определувањето на шума за посебна намена, се врши по барање на заинтересирани субјекти врз основа на стручно - техничка документација за намената, потребата и оправданоста за нејзиното определување.
Со актот за определување на шумата за посебна намена од став 1 на овој член се утврдува намената, режимот на одгледувањето, заштитата на шумата и правните лица кои ќе вршат одгледување и заштита на шумата за посебна намена.

**Член 17**

За стопанисување со шумите во државна сопственост за стопанска намена, Владата на Република Македонија основа јавно претпријатие за стопанисување со шуми (во натамошниот текст: јавно претпријатие).
Со шумите во приватна сопственост стопанисуваат сопствениците.
Одгледувањето и заштитата на шумите за посебна намена ги врши јавното претпријатие или друго правно лице кое ќе го определи Владата на Република Македонија.
Ако за одгледување и заштита на шумата со посебна намена Владата на Република Македонија определи друго правно лице, правата и обврските се утврдуваат со договор.

**Член 18**

Заради ефикасно, рационално и трајно стопанисување, шумите се делат на шумско-стопански единици.
Шумско-стопанска единица е природна и стопанска целина утврдена според орографските, хидрографските, сообраќајните и други услови за стопанисување.
Шумско-стопанската единица е составена од оддели и пододдели.

**Член 19**

Јавното претпријатие и другото правно лице кои вршат одгледување и заштита на шуми за посебна намена, водат евиденција за површините на шумите во државна сопственост усогласена со катастарската евиденција.
Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го пропише начинот за водење евиденција од став 1 на овој член.

## 2. Планирање во шумарството

**Член 20**

За стопанисување со шумите во државна и приватна сопственост, без оглед на намената, Собранието на Република Македонија донесува општ план за стопанисување со шумите (во натамошниот текст: општ план) за период од 20 години.

**Член 21**

Со општиот план за стопанисување со шумите особено се утврдуваат природните услови и можности за опстанок, обнова и развој на шумите, состојбите на шумите по вид, очуваност, дрвна маса, прираст, отвореност, загрозеност од негативни влијанија, општите насоки и цели на идното

стопанисување и мерките за одгледување, заштита, развој, унапредување и проширување на шумскиот фонд во Република Македонија.

**Член 22**

Врз основа на општиот план, за стопанисување со шумите за стопанска намена јавното претпријатие донесува посебни планови за стопанисување со шуми, за период од десет години.

За одгледување и заштита на шумите за посебна намена, правното лице донесува посебни планови за одгледување и заштита на шуми, за период од десет години.

Шуми во приватна сопственост што се наоѓаат во комплекс на шуми за посебна намена во државна сопственост, имаат третман на шуми со посебна намена.

Посебните планови за стопанисување со шумите и посебните планови за одгледување и заштита на шуми за посебна намена (во натамошниот текст: посебни планови) се донесуваат за секоја шумско-стопанска единица, во рок од една година од истекувањето на важноста на претходниот посебен план.

Со посебните планови од ставовите 1 и 2 на овој член се опфаќаат и шумите во приватна сопственост.

Сопствениците на шуми во приватна сопственост (во натамошниот текст: сопственици) чии шуми образуваат комплекс поголем од 100 ха, можат да стопанисуваат со шумата според посебен план за стопанисување, што заеднички ќе го донесат.

Јавното претпријатие, правните лица кои вршат одгледување и заштита на шуми и сопствениците на шуми (во натамошниот текст: субјекти што стопанисуваат со шуми), се должни стопанисувањето, односно одгледувањето и заштитата на шумите да го вршат според посебните планови.

Посебните планови од ставовите 1 и 6 на овој член ги одобрува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по претходно мислење на Министерството за одбрана.

Посебните планови од став 2 на овој член ги одобрува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по претходно мислење на министерството надлежно за заштита на животната средина и Министерството за одбрана.

**Член 23**

Трошоците за изработка на посебните планови од ставовите 1 и 2 на член 22 од овој закон, за делот кој се однесува за шумите во државна сопственост се на товар на јавното претпријатие, односно правното лице кое врши одгледување и заштита на шумата за посебна намена, а за делот што се однесува на шумите во приватна сопственост, се на товар на сопствениците на шумата.

**Член 24**

За спроведување на посебните планови од член 22 ставови 1 и 2 на овој закон јавното претпријатие и другите правни лица кои вршат одгледување

и заштита на шумите за посебна намена донесуваат годишен изведбен план, најдоцна до 31 декември во тековната, за наредната година.
Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ја пропише содржината на посебните планови од член 22 ставови 1 и 2 на овој закон и на годишниот изведбен план од став 1 на овој член.

**Член 25**

Субјектите што стопанисуваат со шуми се должни извршените работи во шума во текот на годината да ги евидентираат во посебните планови, најдоцна до 1 март наредната година.

**Член 26**

Ако во текот на спроведувањето на посебниот план за стопанисување со шумата, односно за одгледување и заштита на шумата за посебна намена субјектите што стопанисуваат со шумите утврдат промени на состојбата кои битно отстапуваат од утврдените со планот, или ако се изменат околностите врз кои се планирани мерките за стопанисување (пожар, штети од снег и ветер, сушење, потреби од сечи или копачење заради изградба на јавни патишта и други јавни објекти и слично) или ако утврдените мерки на стопанисување не одговараат на потребите и на вистинската состојба на шумата, се должни да престанат со спроведување на утврдените мерки и да извршат изменување и дополнување на планот, а по претходно издадено решение од надлежен орган.

## 3. Одгледување на шумите

**Член 27**

Субјектите што стопанисуваат со шуми во вршењето на работите за одгледување на шумите особено ги вршат следниве работи:
1) го прилагодуваат начинот на стопанисување со шумите според условите на средината, биолошките особености, видовите на дрвја и состојбата на тие шуми;
2) го следат семеносењето, го потпомагаат природното обновување на шумите со шумско-одгледувачки и други мерки и вршат вештачко пошумување каде што природното обновување не успеало;
3) пошумуваат необновени по природен пат сечишта, пожаришта, оголени и други деградирани површини од природни и зооантропогени влијанија;
4) спроведуваат мерки на нега;
5) ги штитат деградираните шуми и шикарите од натамошна деградација и вршат реконструкција и мелиорација на истите;
6) ги збогатуваат шумите со високоприносни и квалитетни видови дрвја, и
7) преведуваат нискостеблести шуми во високостеблести во зависност од месторастењето и биолошките особини на дрвјата.

**Член 28**

Јавното претпријатие е должно работите на одгледување на шумите предвидени со посебниот план за стопанисување со шумите, да ги

извршува секоја година, по обем и квалитет сразмерно на искористениот сечив етат во претходната година, а не помалку од 50% од предвидените.
Другите правни лица кои вршат одгледување и заштита на шуми за посебна намена предвидените работи на одгледување на шумата се должни да ги извршуваат без оглед на искористениот сечив етат.
Работите од став 1 на овој член, што како обврска од извршените сечи во годината произлегуваат од една шумско-стопанска единица, можат да се предвидат и извршат и во друга шумско-стопанска единица.

**Член 29**

Субјектите што стопанисуваат со шумите се должни во рок од две години да извршат пошумување на површините на кои не успеало обновувањето на шумата, на површините на кои е извршено бесправно копачење, бесправна сеча, сеча со поголем интензитет од предвидениот, како и на пожаришта чија вкупна површина не е поголема од 50 ха во границите на една шумско-стопанска единица.

**Член 30**

Во шума не можат да се градат објекти и да се изведуваат други работи, освен оние кои се во функција на стопанисување со шумата, како и објекти од јавен интерес утврдени со закон.
При изготвување на техничката документација за изградба на објекти од јавен интерес, инвеститорот е должен да прибави согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласноста од став 2 на овој член ја дава во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

## 4. Користење на шумите

**Член 31**

Користењето на шумите се врши според намената и на начин кој обезбедува трајно зачувување и зголемување на вредноста на шумите, постојано зголемување на нивниот прираст и принос, како и зачувување и унапредување на нивните општокорисни функции.
Користење може да се врши само на оние шуми за кои е донесен посебен план.

**Член 32**

Сеча во шума се врши само по претходна ознака за сеча.
Под ознака за сеча во смисла на став 1 од овој член се подразбира: одбирање и означување на стебла за сеча и евидентирање на дрвната маса при стеблимичната сеча, како и обележување на површината и евидентирање на дрвната маса при површинска чиста сеча.
Стеблимична сеча е поединечна сеча на одбрани стебла, а површинска чиста сеча е сеча на сите стебла во одделот односно пододделот.
Ознака за сеча се врши според предвидувањата во посебните планови.

Ознака при стеблимична сеча се врши до 31 октомври во тековната за наредната година и тоа во обем од најмногу 80% од предвидената дрвна маса. Остатокот од дрвната маса дополнително се означува после извршената сеча според претходната ознака. При дополнителната ознака се означуваат и се евидентираат сите неозначени стебла кои се оштетени при сечата.
Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го пропише начинот на вршење на ознака за сеча.

**Член 33**

Ознака за сеча во државна и во приватна шума, како и на ретки видови на дрвја и на дрвја надвор од шумата, врши јавното претпријатие, односно правното лице кое врши одгледување и заштита на шумата за посебна намена.
За вршење ознака за сеча согласно со став 1 на овој член, во приватна шума средства обезбедува сопственикот на шумата.

**Член 34**

Ознака за стеблимична сеча можат да вршат само стручни лица со високо образование од шумарска насока, со најмалку две години работно искуство во шумарството, а за површинска чиста сеча, стручни лица со високо образование од шумарска насока со најмалку една година работно искуство во шумарството, или шумарски техничар со најмалку шест години работно искуство во шумарството.

**Член 35**

Јавното претпријатие и другите правни лица кои вршат одгледување и заштита на шумите со посебна намена се должни за извршената ознака за сеча да го известат шумарскиот инспектор во рок од 15 дена од денот на завршувањето на ознаката.
Не може да се врши сеча ако ознаката не е извршена на целата површина од пододделот односно одделот и ако не е извршен преглед на ознаката од шумарскиот инспектор.

**Член 36**

Забрането е пречекорување на сечивиот етат во шумскостопанската единица, како и на етатот во пододделот утврден за десет години со посебниот план.
Одредбите од став 1 на овој член не се однесуваат на чиста сеча при нискостеблесто стопанисување, како и на сеча во деградирани шуми, шикари и шибјаци, ако тие се предвидени за мелиорација.

**Член 37**

Забрането е вршење на сеча во државна шума од страна на физички лица заради обезбедување на сопствени потреби или препродажба.

**Член 38**

Сеча во шума во приватна сопственост се врши со одобрение за сеча.

Одобрение за сеча во шума во приватна сопственост издава јавното претпријатие, односно правното лице кое врши одгледување и заштита на шумата за посебна намена, по барање на сопственикот на шумата.

Одобрение за сеча во приватна шума која е сопственост на повеќе сосопственици, може да се издаде само врз основа на заедничко барање од сите сосопственици.

Поединец кој е сосопственик на шума во смисла на став 3 од овој член, може да добие одобрение за сеча само со овластување од другите сосопственици.

Со одобрението од став 2 на овој член се утврдуваат дрвната маса за сеча и мерките за обновување, одгледување и заштита на шумите, како и рокот за нивно извршување.

Средства за извршување на мерките од став 5 на овој член обезбедува сопственикот на шумата.

Во обезбедувањето на средствата од став 6 на овој член учествува и Републиката.

Одобрението за сеча издадено на име на сопственикот на шумата не може да се отстапува на друго лице.

Жалба против актот за издавање одобрение за сеча, сопственикот на шумата може да поднесе до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 39**

Одобрение за сеча во приватна шума не може да се издаде ако:

- лицето не поседува доказ за право на сопственост на шумата;
- не е извршена промена на културата во катастарската евиденција;
- видно не се обележани границите на шумата за која се однесува барањето за сеча и
- не се извршени предвидените мерки во одобрението за сеча од претходната година.

**Член 40**

Патишта изградени во шума и наменети за превоз на шумски производи, се сметаат за шумски патишта и ги користат субјектите што стопанисуваат со тие шуми.

Шумските патишта можат да ги користат и други правни лица за стопанска намена, како и физички лица под услови и на начин што ги утврдуваат субјектите што стопанисуваат со шумите на чие подрачје тие се наоѓаат.

Во шума можат да се градат само шумски патишта што се предвидени со посебниот план за стопанисување.

**Член 41**

Сопственикот на земјиштето е должен да дозволи привремен премин, превоз, пренос, како и сместување на туѓи шумски производи на своето земјиште (службеност).

Корисникот на службеноста е должен на сопственикот на земјиштето да му плати надомест, според прописите за експропријација.

**Член 42**

Користењето, односно собирањето на други шумски производи во шума може да се врши само ако тоа е предвидено со посебниот план.

Јавното претпријатие и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена, можат со надомест да го отстапат користењето, односно собирањето на производите од став 1 на овој член за стопанска намена на други правни и физички лица по претходна согласност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Кога постои опасност од истребување на одделни растителни видови на одделни делови или на целата територија на Република Македонија, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може привремено да го ограничи, или забрани собирањето, односно користењето на тие шумски производи.

Користењето, односно собирањето на други шумски производи во шуми се врши на начин со кој нема да дојде до истребување на одделни растителни видови или нема да се нанесе штета на шумата.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го пропише начинот на користење и собирање на други шумски производи.

## 5. Заштита на шумите

**Член 43**

Субјектите што стопанисуваат со шумите се должни да преземаат мерки за заштита на шумите од пожари, елементарни непогоди, растителни болести, штетни инсекти, бесправно напасување и други оштетувања.

Мерките од став 1 на овој член се однесуваат и за шуми за кои не е донесен посебен план за стопанисување.

**Член 44**

Субјектите што стопанисуваат со шумите, се должни да ја следат здравствената состојба на шумите, да преземаат превентивни мерки против појава на растителни болести, штетни инсекти и други штеточини и да вршат сузбивање кога тие ќе се појават.

**Член 45**

Забрането е пустошење на шуми.

Под пустошење на шуми се подразбира:

- копачење на шуми, сеча на семенски стебла и насади и чисти сечи кои не се предвидени со посебниот план, освен при изградба на објекти, согласно со член 30 став 1 од овој закон;
- опожарување на шума;
- бесправна сеча на шума;

- лупење кора од стебла, уништување или оштетување на подмладок во шума или на садници во пошумени сечишта, пожаришта, голини, ерозивни и други земјишта и
- кастрење на стебла, собирање на листинец и други дејствија со кои се ослабува приносната сила или се загрозува опстанокот на шумата и нејзините општокорисни функции.

По исклучок, дејствијата од алинеите 1, 4 и 5 од ставот 2 на овој член, можат да се вршат со претходно одобрение на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кога тоа е потребно заради изградба на објекти во функција на стопанисувањето со шумите, како и објекти од јавен интерес, сузбивање на растителни болести и штетни инсекти, воведување на шумски ред во случаи на оштетување на шумата од пожари и други елементарни непогоди, локализирање на шумски пожари и научноистражувачки цели.

**Член 46**

Забранета е сеча на ретки видови дрвја во шума.

По исклучок од став 1 на овој член, ретки видови шумски дрвја можат да се сечат по претходно одобрение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ако: се суви или заболени, физиолошки зрели и постојат други причини поради кои им претстои непосредна опасност од сушење, заради изградба на објекти во функција на стопанисување со шумата и објекти од јавен интерес утврдени со закон.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, ќе ги пропише ретките видови дрвја во шума.

**Член 47**

Забрането е уништување на белези и знаци во шума и сеча на стебла на кои се поставени знаци.

**Член 48**

Забрането е напасување на добиток и желадење во шума.

По исклучок од став 1 на овој член, на определени површини може да се врши напасување на добиток, освен на кози и тоа: во шуми во кои не се вршат, односно не се извршени мелиоративни мерки, во кои не е во тек природна или вештачка обнова и подмладување, кои не се издвоени за семенски насади, како и на необраснато шумско земјиште.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги определува условите и површината на шумата во која ќе се врши напасување на добиток и желадење.

Напасување на добиток и желадење во шума може да се врши само под контрола на чувар на добитокот и со одобрение на јавното претпријатие, односно на правното лице кое врши одгледување и заштита на шума за посебна намена.

Субјектите што стопанисуваат со шуми се должни во шумата во која е забрането напасување, да определат делови од шумата низ кои ќе биде

дозволен премин на добитокот до местото за пасење односно до поилата за вода.

**Член 49**

Во шума може да се одгледува дивеч под услови и во број кој не го доведува во прашање одгледувањето и обновувањето на шумата.

**Член 50**

Забрането е палење на отворен оган во шума на растојание помало од 200 метри од работ на шумата.

По исклучок од став 1 на овој член, може да се пали отворен оган под услови и на места што ќе ги определи и обележи субјектот што стопанисува со шумата, за што е должен да ја извести територијалната противпожарна единица.

**Член 51**

Забрането е подигање на варници, жежници за дрвен јаглен и слични објекти што претставуваат опасност за појава на пожар, на растојание помало од 200 метри од работ на шумата.

По исклучок од став 1 на овој член подигање на жежници за производство на дрвен јаглен може да се врши во шума со одобрение од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а по претходно прибавено мислење од Министерството за внатрешни работи.

**Член 52**

Субјектите што стопанисуваат со шумите се должни, во зависност од степенот на загрозеност на шумата, да преземаат посебни мерки за заштита од пожар (правење просеки во шума, подигање на појаси од лисјарски видови дрвја во иглолисни шуми, поставување набљудувачници, организирање на набљудувачка, известувачка, противпожарна служба и слично).

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со министерот за внатрешни работи ќе донесе поблизок пропис за посебните мерки за заштита на шумите од пожари.

**Член 53**

Субјектите што стопанисуваат со шумите, во согласност со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство можат да наредат целосна или делумна забрана на движење во шумата или во одделни нејзини делови во време кога постои зголемена опасност од шумски пожари.

Забраната од став 1 на овој член се објавува во средствата за јавно информирање.

**Член 54**

Субјектите што стопанисуваат со шумите се должни да воведуваат и одржуваат шумски ред.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го пропише начинот на воведување и одржување на шумскиот ред.

**Член 55**

Забрането е загадување на шумите со депонирање на отпаден материјал од населени места, хемиски, индустриски капацитети, како и загадување на шума од посетители.

**Член 56**

Исеченото дрво во шума, како и надвор од шумата (освен дрво од овошни стебла на земјоделско земјиште) без оглед во чија сопственост е, не може да се превезува или пренесува од местото на сеча или од место до место, ако не е жигосано и снабдено со испратница.

Испратницата од став 1 на овој член се издава за секое превозно, односно преносно средство на местото на утовар и важи за денот и часот за кој е издадена и не може да се отстапува на друго лице.

Жигосувањето и издавањето на испратницата од став 1 на овој член ги врши јавното претпријатие односно правното лице кое врши одгледување и заштита на шума со посебна намена.

Правните лица кои вршат промет со дрво се должни на купувачот да му издадат соодветен документ кој содржи вид на дрво, сортимент, количество, ден и час на превезувањето и точна адреса на истоварот.

Испратницата од став 1, односно документот од став 4 на овој член при превезувањето односно пренесувањето на дрвото превозникот односно преносникот е должен да ги носи со себе.

Жигосување и издавање на испратница се врши само за дрво исечено според одредбите на овој закон.

Исеченото дрво ако се превезува или пренесува без испратница или ако не е жигосано се смета за бесправно исечено во шума.

Складирано дрво кое не е жигосано и за кое нема испратница согласно со став 1 од овој член, односно документ согласно со став 5 од овој член, се смета за бесправно исечено во шума.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го пропише начинот на жигосување и издавање испратница за исечено дрво.

**Член 57**

Забрането е продавање или препродавање на исечено дрво во шума во државна сопственост, од страна на физички лица.

Физичко лице може со одобрение да врши продажба на дрво само ако потекнува од сопствена шума, односно од поединечни или група на шумски дрвја надвор од шума на сопствено земјиште, во количество според одобрението за сеча и издадената испратница.

Одобрението за продажба од став 2 на овој член го издава субјектот што го издал одобрението за сеча.

Против актот за издавање одобрение за продажба на дрво согласно со став 2 од овој член, сопственикот на дрвото може да поднесе жалба до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 58**

Забранет е откуп или преработка на дрво кое не е жигосано и снабдено со испратница.

**Член 59**

За штети причинети во шума се плаќа надомест според ценовник за штети во шума што го донесува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Средствата од надоместот од став 1 на овој член за приватна шума се приход на сопственикот на шумата, а за државна шума се приход на јавното претпријатие, односно правното лице кое врши одгледување и заштита на шума за посебна намена, кои се должни посебно да ги евидентираат и да ги користат за проста репродукција на шуми.

## 6. Шумска полиција

**Член 60**

Чувањето на шумите во државна и во приватна сопственост го врши шумска полиција во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Јавното претпријатие и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шуми за посебна намена, издвојуваат средства во висина од 5% од вредноста на продаденото дрво.

Средствата од став 2 на овој член се уплаќаат на посебна сметка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и се користат за учество во финансирањето на потребите на шумската полиција.

**Член 61**

Припадниците на шумската полиција особено се овластени да:

- ја чуваат шумата;
- интервенираат, да ги спречат и да ги легитимираат или приведат лицата затечени во вршењето на прекршоци казниви по овој закон, или кривични дела што се однесуваат на шумите, или за кои постои основано сомневање дека извршиле такви дела;
- вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво и други шумски производи, на сите места каде што се чува дрво и други шумски производи, вршат привремено одземање на предмети и средства со кои е извршено кривично дело, или прекршокот и предметите што настанале или се присвоени со извршување на такво дело;
- ја следат и известуваат за состојбата на шумите во врска со бесправните сечи и шумските кражби, шумските пожари, растителните болести, шумските штетници, како и други непогоди и
- ги известуваат надлежните органи за противправно присвојување на шуми и шумско земјиште а против прекршителите покренува постапка пред надлежен орган.

На контрола на шумската полиција подлежат сите субјекти што стопанисуваат со шумите, други правни лица и граѓаните кои се должни на припадниците на шумската полиција да им овозможат извршување на нивните овластувања.
Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во согласност со министерот за внатрешни работи, ќе ги пропише правилата за вршење на работите на шумската полиција.

**Член 62**

За вршење на работите од шумската полиција може да биде вработено лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос, треба да ги исполнува и следниве услови:
1) да е физички и психички способен за вршење на работите на шумската полиција;
2) да има најмалку средно образование од областа на шумарството;
3) да ја има регулирано воената обврска и
4) да е подобен за носење оружје согласно со прописите за поседување и носење оружје.
По исклучок од став 1 точка 2 на овој член за вршење на работите на шумската полиција може да биде вработено и лице без соодветно образование ако има најмалку три години работно искуство како шумочувар во досегашната шумочуварска служба.

**Член 63**

При вршење на работите од член 61 на овој закон, припадниците на шумската полиција можат да употребат огнено оружје во следниве случаи:
1) да спречат бегство на лице затечено во вршење на кривично дело со кое се нанесува штета на шумата, ако постојат основани сомненија дека ќе употреби огнено или друг вид на оружје и
2) да одбијат од себе непосреден напад со кој се загрозува нивниот живот.
Во случаите од став 1 на овој член, припадниците на шумската полиција ќе употребат огнено оружје само ако со употребата на физичка сила, гумена палка или други средства на присилба не можат да ја обезбедат службената работа.

**Член 64**

Ако средствата за присилба и огненото оружје се употребени во границите на овластувањата, исклучена е одговорноста на припадникот на шумската полиција кој го употребил средството или огненото оружје.

**Член 65**

Припадниците на шумската полиција носат униформа и се вооружени.
Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе ја пропише униформата и видот на оружјето што го носат припадниците на шумската полиција.

## III. ЗАВОД ЗА ШУМИ

**Член 66**

Заводот за шуми ги врши особено следниве работи и задачи: изготвува општ и посебни планови за стопанисување со шумите, општа и посебни ловно-стопански основи; проектира шумски патишта и други објекти наменети за стопанисување со шумите, а заради ефикасна заштита на шумите ги извршува задачите на извештајно-дијагностичко-прогностичка служба и други работи во врска со подобро стопанисување со шумите.

Заводот за шуми има својство на правно лице.

Со Заводот за шуми раководи директор.

## IV. РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ

### 1. Проста репродукција

**Член 67**

Под проста репродукција на шумите, во смисла на овој закон, се подразбира одгледувањето и заштитата на постојните шуми, освен чувањето.

Средства за проста репродукција на шуми издвојуваат јавното претпријатие и другите правни лица кои вршат одгледување и заштита на шумите за посебна намена во висина од 12%, како и сопствениците на шуми во висина од 5% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума.

Средствата од став 2 на овој член, што ги издвојуваат јавното претпријатие и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шуми за посебна намена, се водат на посебна сметка во јавното претпријатие, односно правното лице кое врши одгледување и заштита на шума за посебна намена и се користат за одгледување и заштита на постојните шуми, за техничко опремување заради вршење на работи на заштита на шумите и за изработка на планови за стопанисување со шумите.

Средствата од став 2 на овој член што ги издвојуваат сопствениците на шуми се уплаќаат на сметката на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и се користат за учество во финансирање на работи на одгледување и заштита на шуми и изработка на планови за стопанисување со шумите во приватна сопственост.

### 2. Проширена репродукција на шуми

**Член 68**

Проширена репродукција на шуми, во смисла на овој закон, е подигање на нови шуми со пошумување на голини и ерозивни земјишта и мелиорација на непродуктивни деградирани шуми и шикари, нега и превентивна заштита на шумски култури од растителни болести, штетници и пожари,

обезбедување на семе и на шумски саден материјал, изградба на инфраструктурни објекти во шума и друго.
За работите на проширена репродукција на шуми средства обезбедуваат:
- јавното претпријатие и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шуми за посебна намена во висина од 3%, како и правните субјекти што вршат промет на дрво во висина од 2%, од вредноста на продаденото дрво и
- Буџетот на Република Македонија.

**Член 69**

Средствата за проширена репродукција на шумите се уплаќаат на сметка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а се користат според годишна програма што ја донесува Владата на Република Македонија особено за:
- пошумување на голини и ерозивни земјишта и мелиорација на деградирани шуми и шикари;
- гаснење на шумски пожари од пошироки размери и отстранување на последиците од нив преку вештачка обнова;
- нега, превентивна заштита и сузбивање на растителни болести и штетници во шуми и шумски култури подигнати на голини, површини во кои е извршена мелиорација на деградирани шуми и шикари;
- обезбедување на шумско семе и саден материјал и
- изградба на патишта заради пошумување на голини.

## V. НАДЗОР

**Член 70**

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и на прописите донесени врз основа на него врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Републичкиот инспекторат за шумарство.
Работите на инспекцискиот надзор ги вршат шумарски инспектори.

**Член 71**

Шумарски инспектор може да биде лице со високо образование од шумарска насока и најмалку четири години работно искуство во шумарството.
Шумарскиот инспектор има легитимација.
Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го пропишува образецот и начинот на издавањето на легитимацијата на шумарскиот инспектор.

**Член 72**

Во вршењето на работите, шумарскиот инспектор е овластен:
1) да врши контрола на работите на одгледувањето, заштитата и користењето на шумите, објектите, уредите и направите, како и сите места каде што дрвото се сече, изнесува од шума, пренесува, превезува,

сместува, преработува или се пушта во промет, како и средствата со кои дрвото се превезува или пренесува;
2) да врши контрола на спроведувањето на плановите за стопанисување со шумите, програмите и критериумите, да ги прегледува деловните книги и други документи;
3) привремено да ја запре сечата на шума, копачењето, напасувањето на добиток, како и други дејствија што не се во согласност со одредбите на овој закон и со прописите донесени врз основа на него, до извршувањето на мерките наредени со решение, односно до конечна одлука на надлежниот орган;
4) да бара податоци, информации и известувања за извршените работи на репродукција, користење, одгледување и заштита на шуми, како и други податоци за утврдување дали стопанисувањето со шумите се врши во согласност со овој закон и прописите донесени врз негова основа;
5) да ги известува надлежните органи, органите на управувањето на јавното претпријатие и правните лица кои вршат одгледување и заштита на шуми со посебна намена за констатираните неправилности, да бара нивна интервенција, ако самиот не е овластен да постапи непосредно;
6) да бара анализа од соодветни научни и други институции заради утврдување на фактичката состојба;
7) во итни случаи, во кои би настанала штета по јавниот интерес да нареди привремени мерки за спречување на штетата и
8) да презема и други мерки и дејствија за што е овластен со посебни прописи.
За мерките од став 1 на овој член шумарскиот инспектор донесува решение.
Субјектите што стопанисуваат со шумите, другите правни лица и граѓаните, чија работа подлежи на надзор на шумарските инспектори се должни да го овозможат вршењето на надзорот и да им ги дадат потребните податоци.

**Член 73**

Жалбата против решението од член 72 став 2 на овој закон може да се изјави до Комисија на Владата на Република Македонија.
Изјавената жалба од став 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението, ако со неизвршувањето на утврдените мерки ќе се предизвикаат последици кои тешко можат да се отстранат.

## VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 74**

Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице доколку:
1) не донесе посебен план или стопанисувањето со шумата односно одгледувањето и заштитата не ги врши според посебните планови (член 22);

2) веднаш не престане со спроведување на мерките од посебниот план и не изврши изменување и дополнување (член 26);
3) во шума гради објекти и изведува други работи спротивно на член 30 став 1 од овој закон;
4) врши користење на шума за која не е донесен посебен план (член 31 став 2);
5) врши сеча на шума без претходна ознака за сеча (член 32 ставови 1, 2 и 3);
6) го пречекори вкупниот сечив етат во шумите како и сечивиот етат во пододделот утврден за десет години (член 36 став 1);
7) врши пустошење на шума (член 45) и
8) не издвои средства за проста репродукција на шумите или издвои средства за истата намена во помала висина или средствата не ги користи за утврдената намена (член 67 ставови 2 и 3).
За прекршок од точките 1 до 8 од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице со парична казна од 30.000 до 50.000 денари.
Доколку одговорното лице во правното лице прекршоците од став 1 на овој член ги извршило од користољубие, или со нивното извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе се казни со парична казна од 60.000 до 100.000 денари.
За прекршок од точките 3, 4, 5 и 7 од став 1 на овој член, покрај паричната казна се изрекува и мерка на безбедност, одземање на предмети, употребени или наменети за извршување на прекршокот.
За прекршок од точките 1 до 8 од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на одговорното лице во правното лице ќе се изрече мерка на безбедност забрана на вршење на одговорни должности во траење од шест месеци до една година.

**Член 75**

Со парична казна од 100.000 до 200.000 денари, ќе се казни за прекршок правното лице доколку:
1) не ги изврши работите според одредбите на член 28 ставови 1 и 2 од овој закон;
2) не изврши пошумување (член 29);
3) гради објекти во шума без согласност (член 30 став 2);
4) изврши ознака за сеча спротивно на предвидувањата на посебните планови (член 32 став 4);
5) дозволи ознака за сеча да вршат лица кои не ги исполнуваат условите од член 34 на овој закон;
6) врши сеча спротивно на член 35 став 2;
7) дозволи на физичко лице вршење на сеча во државна шума спротивно на член 37 од овој закон;
8) не се придржува на условите за користење на шумските патишта (член 40 став 2);
9) гради шумски патишта спротивно на член 40 став 3 од овој закон;
10) собира, користи или дозволи собирање, односно користење на други шумски производи спротивно на член 42 од овој закон;

11) не преземе мерки за заштита на шумите (член 43);
12) не презема мерки против појава на растителни болести, штетни инсекти и други штети, не ја следи здравствената состојба на шумите и не врши сузбивање на растителни болести и штетни инсекти (член 44);
13) врши сеча на ретки видови дрвја во шума без одобрение (член 46 ставови 1 и 2);
14) врши или дозволи напасување на добиток и желадење во шума спротивно на одредбите од член 48 ставови 1, 2, 4 и 6 на овој закон;
15) подига објекти што претставуваат опасност за појава на пожар, или подига жежници за производство на јаглен (член 51 став 1);
16) не презема посебни мерки за заштита на шумите од пожари (член 52 став 1);
17) ги загадува шумите со депонирање на отпаден материјал од населените места, хемиски и индустриски капацитети и сл. (член 55);
18) врши превезување или пренесување на исечено дрво на шума и надвор од шума од место до место, како и складирање на дрво без да е жигосано и обезбедено со испратница (член 56 ставови 1 и 8);
19) издава испратница за исечено дрво спротивно на одредбите од член 56 став 2 на овој закон;
20) врши жигосување и издавање на испратница на дрво кое не е исечено согласно со член 31 став 1 и член 56 став 6 од овој закон;
21) врши откуп или преработка на дрво кое не е жигосано или снабдено со испратница (член 58);
22) не плаќа средства за проширена репродукција на шумите (член 68 став 2 алинеја 1) и
23) не овозможи вршење на надзор или не му ги даде потребните податоци на шумарскиот инспектор (член 72 став 3).

За прекршок од точките 1 до 23 на став 1 од овој член, ќе се казни одговорното лице во правното лице со парична казна од 20.000 до 30.000 денари.

Доколку одговорното лице во правното лице, прекршоците од став 1 на овој член ги извршило од користољубие, или со нивното извршување е предизвикана поголема имотна штета ќе се казни со парична казна од 40.000 до 60.000 денари.

За прекршок од точките 3, 10, 13 и 18 од став 1 на овој член, покрај паричната казна ќе се изрече и мерка на безбедност, одземање на предмети употребени или наменети за извршување на прекршокот.

За прекршок од точките 4, 6, 12, 13, 18, 19 и 20 од став 1 на овој член, покрај паричната казна, на одговорното лице во правното лице ќе се изрече мерка на безбедност забрана на вршење на одговорни должности во траење од три до шест месеци.

**Член 76**

Со парична казна од 50.000 до 100.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице доколку:
1) не води евиденција на површините на шумите во државна сопственост (член 19, став 1);
2) не донесе годишен изведбен план (член 24 став 1);

3) не ги евидентира извршените работи во шума во утврдениот рок (член 25);
4) ознаката ја изврши спротивно на член 32 став 5 од овој закон;
5) за извршената ознака не го извести шумарскиот инспектор во определениот рок (член 35 став 1);
6) издаде одобрение за сеча во приватна шума спротивно на член 38 ставови 3, 4 и 5 и член 39 од овој закон;
7) не дозволи привремен превоз, пренос или сместување на туѓи шумски производи на своето земјиште (член 41 став 1);
8) на сопственикот на земјиштето не му плати надомест за користење на службеност (член 41 став 2);
9) уништува белези и знаци во шума или сече стебла на кои се поставени знаци (член 47);
10) не определи делови од шума за премин на добиток (член 48 став 5);
11) во шума одгледува дивеч во толкав број кој го доведува во прашање одгледувањето и обновувањето на шумата (член 49);
12) пали отворен оган во шума спротивно на одредбите на член 50 став 1 од овој закон;
13) не воведе и не одржува шумски ред (член 54 став 1) и
14) претпријатијата што вршат промет со дрво на купувачот не му издадат соодветен документ (член 56 став 4).

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице со парична казна од 10.000 до 20.000 денари.

**Член 77**

Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице кое:
1) гради објекти и изведува други работи во шума спротивно на член 30 ставови 1 и 2 од овој закон;
2) врши сеча без претходна ознака (член 22 став 1);
3) изврши сеча на шума без одобрение или спротивно на одобрението (член 38 став 1);
4) бесправно или спротивно на поблискиот пропис од член 42 став 2, 3 и 4 на овој закон, собира или користи споредни шумски производи;
5) врши пустошење на шумите (член 45);
6) врши сеча на ретки видови дрвја без одобрение (член 46);
7) пренесува, превезува исечено дрво од место на сеча или од место до место, или складира дрво без да е жигосано или снабдено со испратница или друг документ (член 56 ставови 1 и 6);
8) не му овозможи на припадникот на шумската полиција да ги извршува неговите овластувања (член 61 став 2) и
9) не овозможува вршење на надзор или не му ги даде потребните податоци на шумарскиот инспектор (член 72 став 3).

Доколку физичкото лице, прекршоците од став 1 на овој член ги извршило од користољубие или со нивното извршување предизвикало поголема имотна штета, ќе се казни со парична казна од 60.000 до 100.000 денари.

За сторен прекршок од став 1 на овој член покрај паричната казна се изрекува и мерка на безбедност, одземање на предметите употребени или

наменети за извршување на прекршокот, како и бесправно присвоените предмети кои настанале со извршување на прекршокот.

**Член 78**

Со парична казна од 15.000 до 30.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице кое:

1) не стопанисува со сопствената шума според посебниот план (член 22 став 7);
2) не изврши пошумување на површините согласно со член 29 на овој закон;
3) го отстапи одобрението за сеча на друго лице (член 38 став 8);
4) не дозволи привремен премин, пренос и превоз, односно сместување на туѓи шумски производи на своето земјиште (член 41 став 1);
5) не презема мерки согласно со член 43 од овој закон;
6) врши напасување или желадење во шума без одобрение (член 48 ставови 2 и 4);
7) испратницата ја отстапи на друго лице (член 56 став 2);
8) продава или препродава исечено дрво кое потекнува од шума во државна сопственост или без одобрение врши продажба на дрво (член 57 ставови 1 и 2);
9) врши преработка или откуп на дрво кое не е жигосано или снабдено со испратница (член 58) и
10) не уплати средства за проста репродукција согласно со член 67 ставови 2 и 4 од овој закон.

За сторен прекршок од точките 8 и 9 од став 1 на овој член, покрај паричната казна се изрекува и заштитна мерка одземање на предметите употребени или наменети за извршување на прекршокот, како и бесправно присвоените предмети кои настанале со извршување на прекршокот.

**Член 79**

Со парична казна од 10.000 до 30.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице кое:

1) уништува белези и знаци во шума или сече стебла на кои се поставени знаци (член 47);
2) пали отворен оган во шума спротивно на член 50 ставови 1 и 2 од овој закон;
3) подига варници, жежници за дрвен јаглен во шума спротивно на член 51 од овој закон;
4) не презема посебни мерки за заштита на шумите од пожари (член 52 став 1);
5) се движи во шума за време на забрана согласно со член 53 од овој закон;
6) не спроведува и не одржува шумски ред (член 54 став 1);
7) загадува шуми со депонирање на отпаден материјал од населени места, хемиски, индустриски капацитети и слично (член 55) и
8) не ја носи испратницата при вршењето на превоз, односно пренос на дрво (член 56 став 5).

**Член 80**

Рокот на застареност на прекршочната постапка од членовите 74, 75, 76, 77, 78 и 79 на овој закон, изнесува пет години.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 81**

Владата на Република Македонија ќе го основа јавното претпријатие што ќе стопанисува со шумите во државна сопственост во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 82**

Општиот план за стопанисување со шумите ќе се донесе во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 83**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, постојните претпријатија што стопанисуваат со шумите не можат да вршат вработување на нови работници, оттуѓување на основни средства и друг имот и да се задолжуваат со кредитни и други средства.

**Член 84**

Недвижниот и подвижниот имот со кој располагаат постојните претпријатија што стопанисуваат со шумите, со денот на влегувањето во сила на овој закон стануваат државна сопственост.

Владата на Република Македонија, при основањето на јавното претпријатие за стопанисување со шуми од член 17 на овој закон, со актот за основање ќе определи одделни делови од постојните претпријатија што стопанисуваат со шумите, кои делови не се во функција со дејност на стопанисувањето со шумите, да можат да се издвојат и конституираат во посебни правни субјекти и да се трансформираат согласно со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Со актот за издвојување, односно основање од став 2 на овој член се уредуваат и прашањата поврзани со делбениот биланс, правата и обврските кои произлегуваат од заедничкото работење и прашањата кои се однесуваат на бројот и статусот на вработените.

**Член 85**

До донесувањето на посебните планови за стопанисување со шуми, со државните шуми ќе се стопанисува според постојните шумско-стопански основи, а со приватните шуми, според постојните критериуми.

**Член 86**

Предметите во управна постапка што се започнати, а не се завршени до влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат според прописите што важеле до неговото влегување во сила.

**Член 87**

Правата, обврските, средствата и работниците на постојниот Завод за уредување на шумите "Шумапроект"-Скопје ги презема Заводот за шуми врз основа на завршен биланс според попис што ќе го изврши комисија за попис формирана од Владата на Република Македонија во рок од еден месец од денот на конституирањето на Заводот за шуми, според актот за систематизација.

**Член 88**

Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на неговото влегување во сила.
До донесувањето на поблиските прописи од став 1 на овој член ќе се применуваат подзаконските прописи што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 89**

Со влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат постојните акти со кои шумите се дадени на стопанисување на правни субјекти по било која основа, освен шумите во националните паркови, шумските резервати и парк шумите.

**Член 90**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за шумите ("Службен весник на СРМ" број 20/74, 15/86, 51/88, 20/90 и "Службен весник на РМ" број 37/91, 44/91 и 83/92).

**Член 91**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".